**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6180/**

# З А П И С Н И К

**Од 261.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 29.10.2024 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**,**Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Виолета Димеска-Одделение за планирање и реализација на буџет во МРТ.

Седницата започна во 15.00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 260.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2025 година:
   -програма за работа за 2025 година,
   -финансиски план за 2025 година.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 260.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 260.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 260.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање со две забелешки од членовите Анита Латифи и Илир Рамдани.
Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 260.седница на Програмскиот Совет на МРТ со нотираните забелешки.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Годишна програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2025 година:**
**-програма за работа за 2025 година,**
**-финансиски план за 2025 година.**
Виолета Димеска од Одделението за планирање и реализација на буџет во МРТ даде вовед во Финансискиот план на МРТ за 2025 година и објасни дека во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ЈРП МРТ изработи Годишна програма за работа за наредна година која содржи Програма за работа за 2025 година со планирани активности за исполнување на програмските цели како Финансиски план за 2025 година кој содржи податоци за планираните приходи и расходи.
Финансискиот план за 2025 година како дел од Годишната програма за работа на ЈРП МРТ за 2025 година, е изработен врз база на показателите од работењето во минатите години, движењата на тековните активности и тековните потреби како и врз база на планираните или очекувани активности во наредната година, имајќи ги предвид притоа условите и можностите за обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на планираните програмски содржини, инвестициони и останати набавки во рамки на тековното работење но и за навремено сервисирање на создадените тековни и пренесени обврски.
Виолета Димеска во продложение образложи по однос на кои основи се планира да се обезбеддат приходи за реализирање на планираните програмски и останати активности во 2025 година со Финансискиот план за 2025 година на ЈРП Македонска Радио Телевизија, како и планот за расходи за 2025 година.

Надзорниот одбор на МРТ на своја седница ја разгледа Програмата за работа на ЈРП МРТ за 2025 година и Финансискиот план за 2025 година без забелешки и даде согласност на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2025 година.
Членот Гајур Рамадани врска со Годишната програма на ЈПМРТ укажа дека финансиските предвидувања во Годишниот план за 2025 година за копродукциска програма е преамбициозна, и дека наведената сума е преголема за МРТ познавајќи ја финансиската состојбата во куќата.
Исто така укажав дека за некои емисии кои се реализираат со копродукциските куќи посебно во МТВ 1 може да се реализираат од квалитетни новинари вработени во МРТ, да се користат внатрешните човечки ресурси во МРТ, а не добрите кадри предвреме да се „пензионираат„ како што е случај сега. И поради сето ова ќе гласам воздржан истакна Гајур.

Претседателката на Програмскиот совет, Смилка Јанеска Саркањац, по расправата ја стави на гласање Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2025 година составена од Програма за работа за 2025 година и Финанскиски план за 2025 година.
■**Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2025 година составена од Програма за работа за 2025 година и Финанскиски план за 2025 година** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **9** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**2** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Годишната програма за работа на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2025 година е **усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разно.**

По однос на оваа точка беше дадена забелешка поради неприсуството на Одговорните уредници на сервисите во Македонското радио при разгледување на Програмата за работа за 2025 година, со напомена дека во инднина истото нема да се толерира.

Седницата заврши во 16.20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател